ОХРИД, МАКЕДОНИЈА
27-30 септември 2000

# ЗБОРНИК НА АПСТРАКТИ
## II КОНГРЕС НА НЕВРОЛОЗИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

МАКЕДОНСКО ЛЕКАРСКО ДРУШТВО
ЗДРУЖЕНИЕ НА НЕВРОЛОЗИТЕ НА МАКЕДОНИЈА

основата на оваа карактеристика се состои во консултацијата меѓу лекарот и пациентот, бидејќи оној кој страда од мигрена може да се распредели во различни групи во однос на потребата од видот на третманот. Се претпоставува дека јачината на степенувањето на мигрената се базира на силината на болката и слабоста, а од тука произлегува и терапеутскиот пристап. За таа цел секогаш е потребна добра комуникација меѓу терапеутот и пациентот и взаемно доверие, како би успехот на лекувањето бил поволен за пациентот и за лекарот.

## ПСИХОСОМАТСКИ ПРИОД НА ФУНКЦИОНАЛНИТЕ ГЛАВОБОЛКИ КАЈ ШКОЛСКИТЕ ДЕЦА

***Поп-Јорданова Н, Аврамовска В, Зорчец Т.***
**Оддел за психофизиологија, Клиника за детски болести, Медицински факултет, Скопје**

Евалуирана е група од 59 школски деца, селектирани како "функционални мигреноидни главоболки" со средна возраст 10.8 ( ± 1.74) години, од обата пола. Кај сите деца клиничките иследувања (невролошки, неврофизиолошки, радиолошки и лабораториски) беа нормални што сугерираше психосоматска етиологија. Применетата психолошка проценка подразбира EPQ ( Eysenck Personality Questionnaire), EPI ( Emocional Profile Index), STAI (State-Trait Anxiety Inventory) и HVR ( Human Values Rank).
Кај мајките на децата применет е MMPI (Multiphasic Personality Inventory) и FILE (Family Inventory Life Events).
Добиените резултати покажаа сигнификантно ниво на актуелна анксиозност кај сите деца, кои воглавно беа прворoдени и живееа во релативно стабилни фамилијарни услови (FILE= 11.17 ± 8.16).
Емоционалниот профил на децата се одликува со импулсивност, чувство на страв, умерена агресивност но сеуште високо ниво на акцептабилност. EPQ ја потврди нивната екстровертна природа, умерена невротичност и голема потреба од социјално прифаќање.
Овие резултати ја потврдија хипотезата дека кај школските деца високото ниво на анксиозност провоцира неволни контракции на мускулите на главата и вратот предизвикувајќи исхемија проследена со главоболка.
Во тераписките интервенции, освен работата врз промена на фамилијарното прифаќање на стресните ситуации во школото и домот, работена е бихејвиорална терапија и biofeedback метода на самоконтрола базирана на актуелната промена на електродермалниот

отпор. Добиените одговори од третманот се сосема задоволителни.

## ХИПЕРПРОЛАКТИНЕМИЈА И ГЛАВОБОЛКИ

*Поповска С.*
**Клиника за гинекологија и акушерство, Медицински факултет, Скопје, Македонија**

Непуерпералната хиперпролактинемија (ХПРЛ) води кон гонадална дисфункција и галактореја, а е често придружена со оштетување на видот и со главоболка, која може да биде дифузна, фронтална, париетална, постојана или интермитентна.

**Цел на студијата:** Да се испита застапеноста на главоболката во однос на етиологијата на ХПРЛ.

**Материјал и методи:** Анализирани се вредностите на ТСХ, Т-4 и наодите од радиографските претраги на хипофизата (371 латерална, 149 латерална и фронтална Ртг sella turcica, 46 КТ и 7 МРИ на хипофизата) кај 520 пациентки со ХПРЛ (ПРЛ > 24 ng/ml), регистрирани на Одделот за репродуктивна ендокринологија од 1979-1999г. Со главоболки беа сите пациентки со макропролактином (n=32) и со empty sella turcica (n=7); 63,6% со микропролактином (70/110); 80% со примарна хипотиреоза (4/5); 76,9% со медикаментозна ХПРЛ (30/39) и 22,9% со идиопатска ХПРЛ (75/327).

**Заклучок:** Главоболките беа 3,2 пати почести (RR=3,9; 95 % CI=1,45-9,46) во присуство на аденом отколку во негово отсуство. Овој ефект не можеше да се објасни со споредувањето според возраста, занимањето, степенот на едукација, употребата на ОК, пушењето, етничката припадност или со анамнеза за повреда на главата. Наспроти нивната неспецифична природа, главоболката може да биде корисен показател за присуството на скриен пролактином кај жените со аменореја и/или галактореја.

## СУБЛУКСАЦИЈА НА ТЕМПОРО-МАНДИБУЛАРНИОТ ЗГЛОБ И ГЛАВОБОЛКА

*Жузелова М, Даскалова Б,Илиев А, Манева М.*
**ЈЗО Стоматолошки клинички центар, Клиника за ортодонција**

**Вовед:** Етиологијата на главоболката е мултикаузална, поаѓајќи од сознанието за богатата снадбеност на рецепторите кои ја пренесуваат